**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 06 11. 2016
Орг. единица 10 | Број 5437 | Прилог 1 | Вредност

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

За десетте дена од 22 до 31 октомври, методолошки се селектирани вкупно – 3 часа 57 минути и 21 секунда, што опфаќаат новинарски вести и извештаи, и експертски становишта за внатрешно-политички и за други актуелни општествени теми.

Според важноста за повеќе димензии од општествено-политичкиот живот, во прв информативен план на десетте анализирани изданија од Дневникот во 18:30 часот, осмислен од албанската редакција на Вториот канал на Македонската телевизија, влезе хронологијата на настаните произлезени од правната процедура за пристап до податоци од Управата за безбедност и контраразузнавање на која со судска одлука се повика Специјалното јавно обвинителство, во обидот да ја документира истражната постапка за случајот со нелегално прислушкуваните телефонски разговори. Информативната редакција на МРТ2 тоа го проследи посветувајќи му забележителен простор преку вести во низа, со кои беа прикажани различни официјални политички и експертски гледишта за темата во која постапно се вклучуваа Министерството за внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност, „Ериксон", шведскиот производител на комуникациска технологија, но и одредени политички партии со свои ставови и толкувања за мотивите во постапката на СЈО. Во овој контекст беа проследени и отвореното, критички интонирано писмо што Основното јавно обвинителство го испрати на адреса на СЈО, како и политиколошките анализи на Бајрам Положани и на Петар Арсовски.

***<u>Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Специјално обвинителство | 00:08:34 | 3,61 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:17 | 1,80 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:13 | 0,93 % |
| Беса | 00:01:22 | 0,58 % |
| ДИК и други органи | 00:13:33 | 5,71 % |
| СДСМ | 00:11:31 | 4,85 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:45 | 3,69 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:46 | 9,17 % |
| Локална самоуправа | 00:09:12 | 3,88 % |
| Без субјекти | 00:13:56 | 5,87 % |
| Влада на РМ | 00:22:34 | 9,51 % |
| Други субјекти | 00:42:46 | 18,02 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:50 | 2,88 % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:34 | 5,29 % |
| Собрание на РМ | 00:00:42 | 0,29 % |
| Претседател на РМ | 00:01:14 | 0,52 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:22 | 0,15 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:12:47 | 5,38 % |
| Граѓански сектор | 00:15:30 | 6,53 % |
| ДПА-ДР | 00:06:09 | 2,59 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:29 | 1,05 % |
| Судство | 00:05:02 | 2,12 % |
| Унитети | 00:02:16 | 0,95 % |
| Левица | 00:00:54 | 0,38 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:09 | 1,75 % |
| ФРОДЕМ | 00:00:28 | 0,20 % |
| Демократски сојуз | 00:01:42 | 0,72 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:42 | 0,29 % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:52 | 0,37 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:52 | 0,37 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:20 | 0,56 | % |
| | **Вкупно: 03:57:21** | **100** | **%** |

Во селектираниот период за анализа, од примарен новинарски интерес се покажа и работата на Државната изборна комисија, како главна институција во организацијата на изборниот процес – од отварањето на јавниот увид во избирачкиот список и презентирањето апликација за регистрирање на гласачите што своето право ќе го остварат во странство, сè до обученоста на изборната администрација и проблемот со печатите што го верифицираат изборниот материјал. Проблемот со наводните предизборни притисоци врз државната администрација, МРТ2 во Дневникот го проследи преку сопоставување на ставовите на Марта Томовска - Арсовска, министерката за информатичко општество и администрација, и на Александар Кирацовски, дополнителниот заменик-министер од СДСМ. Во стриктно партиско-политичка смисла, пак, придодадена на споменатите официјално отворени рокови за различни аспекти од изборната процедура, беше известувано за најавените и за реализираните изборни коалиции, но и за шпекулациите околу имињата на кандидатите за пратеници и нивното изборно соочување според сегашниот распоред на изборните единици. Посебно внимание привлече и иницијативата на Унитети, партијата на Гзим Острени, пред Уставниот суд да се оспори легалноста на изборниот процес без решение за дисбалансот на гласачкото тело по постојните изборни единици, па оттаму и можното оспорување на изборните резултати. Оваа иницијатива, пак, ставена во поширока аналитичка рамка, беше повод и за новинарски прилози во кои се соопштуваат експертските ставови за распоредот на изборните потенцијали во т.н. „албански политички блок". Заложбите на меѓународната заедница за покажување висок стандард на политичката култура поврзана со севкупноста на изборниот процес, беше проследена преку изјавите на новиот француски амбасадор Кристијан Тимоние, дадени по средбите со лидерите на ДУИ и на ДПА, како и преку ставовите на евро-амбасадорот Самуел Жбогар, искажани на средба со претставници на ПДП, предводени од Абдулади Вејсели.

Од економските теми, третирани главно низ разногласието на релевантни политички актери, значајно место доби извештајот „Дуинг бизнис" на Светската банка, па така, застапени се ставовите на: Кире Наумов, дополнителниот заменик-министер за финансии; Министерството за финансии; Стопанската комора на северозападна Македонија; вице-премиерот Владимир Пешевски; министерот за економија Дритон Кучи и министерот за странски инвестиции Арлинд Зеќири.

Од државно-репрезентативните активности и (протоколарни) теми, беа проследени свеченостите за одбележување на државниот празник „23 Октомври – Денот на револуционерната борба", како и работната посета на Ѓорѓе Иванов на Република Србија.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Специјално обвинителство | 00:00:15 | 0,34 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:26 | 1,92 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:28 | 4,65 | % |
| СДСМ | 00:06:20 | 8,50 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:10 | 4,25 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:02 | 4,07 | % |
| Други субјекти | 00:12:42 | 17,05 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:33 | 10,13 | % |
| Влада на РМ | 00:08:23 | 11,25 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:53 | 5,21 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:40 | 7,61 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:11 | 9,64 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:38 | 3,53 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:19 | 7,14 | % |
| Унитети | 00:00:34 | 0,76 | % |
| Левица | 00:00:41 | 0,92 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:46 | 2,37 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:29 | 0,65 | % |
| | **Вкупно: 01:14:30** | **100** | **%** |

Поголемиот дел од времето за централната информативна емисија им беше посветен на вести и на извештаи за мошне широк спектар конкретни, тековни граѓански теми и проблеми, како и на настани и на проектни активности реализирани со поддршка од локалната самоуправа и/или од меѓународната заедница. Обемен е списокот актуелни, дневно новинарски проследени, граѓански поттикнати општествено-политички теми и настани, а како илустрација можат да послужат следниве наслови: Протестот на жителите од с. Доброште против изградбата на хидроцентралата во локалната река; манифестацијата „Ќебапот, бисер на соживотот во Скопската чаршија", организирана од Општина Чаир, од Министерството за економија, од Македонско-бугарската стопанска комора, од Алијансата на косовските бизниси и од Стопанската комора на северозападна Македонија; Факултетот за бизнис и администрација на Тетовскиот универзитет и ШВЛ-УЧК ја промовираа книгата за весникот „Глас на Косово", орган на Народното движење за Косово (ЛПК); интензивна работна агенда од Самитот - „Македонија 2025" што се одржува во Скопје; субвенции за 23 домашни помали компании, посебно за тие раководени од жени; собир на граѓански активисти – „Ние одлучуваме", одржан пред Собранието на Република Македонија, а против злоупотребите на гласањето; „Како се реализира студентската пракса во фирмите?", истражување на Институтот за социолошки истражувања; Меѓународна конференција за бегалците, организирана од ОБСЕ; повик и стручна медицинска експликација за потребата од сезонско вакцинирање против грип. Во повеќемесечниот континуиет од мониторингот на медиумското известување за поширокиот македонски општествен и внатрешно-политички контекст, во Дневникот на МРТ2 посебно значење им се дава на - почетокот на наставата на новиот државен универзитет „Мајка Тереза" во Скопје, при што се презентирани гледиштата на ректорот Азиз Положани, и на министерот за образование Пиштар Лутфиу, како и на извештаите за еколошката состојба во Тетово и тетовско, со осврт и на граѓанските активности и на она што го презема локалната самоуправа непосредно пред 31 октомври, рокот до кој беше предвидено да се постават филтри на оџаците од комбинатот „Југохром". Преку социјална репортажа, во овој период е обновен новинарскиот интерес за случувањата поврзани со поплавеното село Хасанбег, поради новонастанатата состојба по исплатата на владината помош за ревитализација на непосредно засегнатиот регион.

Повеќето од споменатите новинарски прилози одат во прилог на статистичката ставка – „други субјекти", кон која се придодаваат и редовните вести во низа и извештаите произлезени од 15-от Театарски фестивал што се одржува во Дебар, потоа 15-от Саем на книгата во Тетово, и промоцијата на книгата „Албанците на Македонија - предноста на албанското прашање" од Шабан Мурати, првиот амбасадор на Република Албанија во Скопје, поддржана од Институтот за културното и духовното наследство на Албанците.

***Посебни информативни емисии***

*Дебата*

На 25 октомври во емисјата „Аргументи“, на тема – Можно ли е одложување на 11 декември, датумот закажан за гласање на предвремените парламентарни избори? – дебатираат: Беким Незири од ДУИ, Азем Садику од ДПА, Хасан Јашари, поранешниот министер за образование, и новинарот Блерим Хисени, член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации.

***Сектор за програмски работи***